## ИЗРАЗИТЕ СО КОИ ТРЕБА СЕ ОЗНАЧИ ГМО-ХРАНАТА ДА БИДАТ ИСПИШАНИ СО БУКВИ ОД ИСТ ФОНТ СО СОСТОЈКИТЕ НА ПРОИЗВОДОТ

## КОРИСНИ ИНФОРМАЦИИ

Кога храната е достапна за продажба до крајниот потрошувач во непакувана состојба или како претпакувана во амбалажа, информациите треба јасно и видливо да бидат истакнати на материјалот за пакување, во фонт со доволна димензија што ќе овозможи лесна идентификација и читливост.

Кога станува збор за производи кои содржат или се составени од ГМО, на означувањето треба да стојат изразите:
**„Овој производ содржи генетски модифицирани организми" или „Овој производ содржи генетски модифициран/и (име на организмот/ите)".**




Секој оператор со храна поднесува до Агенцијата за храна и ветеринарство барање за одобрение за ставање во промет ГМО-храна. Притоа се доставува соодветна документација утврдена во законските прописи за издавање одобрение за ставање во промет ГМО-храна.

По разгледувањето на документацијата, на операторот со храна му се издава одобрение за ставање во промет производ од групата на ГМО-храна и производот од групата на ГМО-храна се внесува во Регистар на одобрени производи.




АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО
info
02 2457 893
02 2457 895
III Македонска бригада, бр. 20, Скопје
Тел. 02 2457 893, 2457 895
www.fva.gov.mk

ОПМ
**Организација на потрошувачите на Македонија**
Водњанска, 6б, П. Фах 150, Скопје
Тел. 02 3179 592
e-mail:opm@opm.org.mk
www.opm.org.mk

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

# ОЗНАЧУВАЊЕ НА **ГМО ХРАНАТА**



ОПМ

## ОЗНАЧУВАЊЕ НА ГМО-ХРАНАТА

Денес кај потрошувачите постои голема дилема и скептицизам дали да консумираат или да не консумираат ГМО-храна.

ГМО-храната не е забранета, но потрошувачите имаат право да знаат дека храната содржи ГМО! Храната со ГМО треба да се означи!

## ШТО Е ГМО?

Под терминот ГМО се подразбира генетски модифициран организам во кој генетскиот материјал е изменет на начин кој природно не се случува со процесите на размножување и/или природна рекомбинација, со исклучок на човечките суштества. Жив организам е кој било биолошки ентитет способен за репликација или пренесување на генетскиот материјал.

## ШТО СЕ СМЕТА ЗА ГЕНЕТСКИ МОДИФИЦИРАНА ХРАНА?

Генетски модифицираната храна претставува храна која содржи, е составена или е произведена од генетски модифицирани организми. Генетски модифициран организам за употреба во храната претставува ГМО кој може да биде употребен како храна или може да биде суровина за производство на храна.

## ШТО ЗНАЧИ НАТПИСОТ НА ПРОИЗВОДОТ: ПРОИЗВЕДЕН ОД ГМО?

*Храната која содржи или е составена од ГМО, или содржи состојки произведени од ГМО не треба:*

- да има негативни ефекти врз здравјето на луѓето, животните или животната средина;
- да го доведува потрошувачот во заблуда во однос на нејзините својства и состав и
- да се разликува од храната која ја заменува во однос на својата намена до тој степен што нејзината консумација би имала негативен ефект за потрошувачот во прехранбена смисла.



## КАКО ТРЕБА ДА СЕ ОЗНАЧУВА ГМО-ХРАНАТА?

Означувањето се врши за храна која е наменета за достава до трговците на големо и до крајниот потрошувач, а која содржи или е составена од ГМО или е произведена или содржи состојки произведени од ГМО.

***Означувањето на храната не се врши за храна која содржи, е составена или е произведена од ГМО во сооднос не поголем од 0,9% од состојките на храната разгледувани поединечно или од храната која се состои од единствена состојка.***

## КОИ СЕ БАРАЊАТА ЗА ОЗНАЧУВАЊЕ НА ГМО-ХРАНАТА?




***ГМО-храната треба да ги исполнува следниве специфични барања за означување:***

- Кога храната се состои од повеќе од една состојка, во списокот на состојки треба да се наведат изразите **„генетски модифициран/а"** или **„произведен од генетски модифициран/а** (име на состојката)" во продолжение на името на соодветната состојка;
- Кога состојката е означена со името на категоријата на која ѝ припаѓа, изразите **„содржи генетски модифициран/а (име на организмот)" или „содржи (име на состојката) произведен/а од генетски модифициран/а (име на организмот/ите)";**
- Доколку не е наведен списокот состојки, изразите **„генетски модифициран/а" или „произведен од генетски модифициран/а (име на состојката)"** треба јасно да бидат истакнати на означувањето.

